# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рok на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

24 Ноември 2022
Скопје
Број 14, година XVII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Ноември, 2022 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2022 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2022 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/1
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр.61/04, 96/04 и 67/07), расправајќи по Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2022 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2022 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2022 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-10438/3
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во Јавна детска градинка „8 Март “на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работно време во Јавна детска градинка „8 Март “на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/2
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 67 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 , 163/17, 21/18, 198/18),(„Службен весник на РСМ“ бр.104/19 ,146/19, 275/19, 311/20 ,284/21), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттат пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почеток и завршеток**
**на работно време во Јавна детска градинка**
**„8 Март “ на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во Јавната детска градинка „8 Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје како и работното време на вработените во детската градинка.

**Член 2**

Се утврдува почеток и завршеток на работно време во Јавната детска градинка ,, 8 Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје од 06:30 до 17:30 часот.

Почетокот и завршувањето на работното време од ставот 1 на овој член ќе се применува до крајот на грејната сезона 2023 година, односно заклучно со 15 април 2023 година.

**Член 3**

Со донесување на оваа Одлука престанува даважи Одлуката бр.09-2011/3 од 10.03.2017 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-10438/4
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во Јавна детска градинка „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода**
**во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работно време во Јавна детска градинка „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.11.2022 година на Општина Кисела Вода
Скопје Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 67 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 , 163/17, 21/18, 198/18),(„Службен весник на РСМ“ бр.104/19 ,146/19, 275/19, 311/20 ,284/21), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почеток и завршеток**
**на работно време во Јавна детска градинка**
**„Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во Јавната детска градинка „Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје како и работното време на вработените во детската градинка.

**Член 2**

Се утврдува почеток и завршеток на работно време во Јавната детска градинка ,,Весели Цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје од 06:30 до 17:30 часот.

Почетокот и завршувањето на работното време од ставот 1 на овој член ќе се применува до крајот на грејната сезона 2023 година, односно заклучно со 15 април 2023 година.

**Член 3**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09-2011/3 од 10.03.2017 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-10438/5
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за исправка на техничка грешка ГП 3.99 и 3.100 од Детален урбанистички план за Населба Пржино 1, со Одлука бр. 07-32/2 од 17.03.2003 година Службен Гласник на Град Скопје бр. 5/2003 г**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за исправка на техничка грешка ГП 3.99 и 3.100 од Детален урбанистички план за Населба Пржино 1, со Одлука бр. 07-32/2 од 17.03.2003 година Службен Гласник на Град Скопје бр. 5/2003 г, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/4
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020) и Врз основа на член 22 став 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), како и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница, одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**Одлука за исправка на техничка грешка**
**ГП 3.99 и 3.100 од**
**Детален урбанистички план за Населба Пржино 1,**
**со Одлука бр. 07-32/2 од 17.03.2003 година Службен Гласник**
**на Град Скопје бр. 5/2003г**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши исправка на техничка грешка **ГП 3.99 и 3.100** од **Детален урбанистички план за Населба Пржино 1, плански период 2002-2007 година** односно:

Предмет на оваа документација е изработка на Предлог за техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 3.99 и 3.100 од ДУП за населба Пржино 1, донесен со Одлука број 07-32/2 од 17.03.2003 година, Општина Кисела Вода - Скопје.

Детален урбанистички план за населба Пржино 1 , плански период 2002-2007 година е изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија од Скопје со тех. бр. 66/2001 и е донесен со Одлука бр: 07-32/2 од 17.03.2003 Сл.Гл.на Град Скопје бр.5/2003.

За предметните працели ГП 3.99 и ГП 3.100 веќе е направена исправка на техничка грешка, усвоена на Совет на Општината со Одлука бр.07-97/9 од 30.09.2003 , објавена во Сл.Гласник на Град Скопје бр.12/2003, но и после оваа техничка исправка повторно е констатиран пропуст - параметрите на градежната парцела наведена во нумеричките показатели на планот не соодвестува со одмерената од Геодетски елаборат за посебни намени за ГП 3.100 изработен од Друштво за геодетски и катастарски работи Геополарис со бр.08-198/17-3 од 07.07.2017 год.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП 3.99 и ГП 3.100 во табелата од Ревидираната техничка исправка од ДУП за Пржино 1, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Техничката исправка е изработена согласно одредбите на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/2020), каде во став (2) стои дека - Техничка исправка може да се врши само поради грешка што настанала во процесот на изработување и донесување на планот, грешка во техничкото исцртување, испишување и опремување на планот, која предизвикува неусогласеност, двосмисленост или меѓусебна спротивставеност на параметри во графичкиот приказ, текстуалниот дел и нумеричкиот дел на урбанистичкиот план или неконсеквентно изостанување на податоци за поединечни градежни парцели што се уредени за сите други,

односно што се согласни со задолжителната содржина на урбанистичките планови, како и други проблеми во спроведувањето на планот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-10438/6
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополна на Програма Г1 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програма Г1 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2022 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/5
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесетата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополна на Програма Г1 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2022 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополна на Програма Г1 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2022 година објавена во Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 01/2022, на начин што:

- Делот "Кофинансирање од страна на општината за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода со вкупно средства 1.000.000,00 денари", се брише".
- Делот "Имплементација на мерки за енергетска ефикасност на ПОУ Рајко Жинзифов со вкупно средства 6.000.000,00 денари", се брише".

Во останатиот текст Програма Г1 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2022 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/7
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна програма (Ф1А) урбанистичко планирање, урбанистичко – планска документација, урбанистичко – проектна документација и општ акт**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна програма (Ф1А) урбанистичко планирање, урбанистичко – планска документација, урбанистичко – проектна документација и општ акт, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/6
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за ставање вон сила на Развојна програма (Ф1А) урбанистичко планирање, урбанистичко – планска документација, урбанистичко – проектна документација и општ акт**

**Член 1**

Со оваа Одлука се става вон сила Развојна програма (Ф1А) урбанистичко планирање, урбанистичко – планска документација, урбанистичко – проектна документација и општ акт бр.09-10907/5 од 30.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-10438/8
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена на динамика на Развојна Програма - Програма од надлежност ЕАО – Капитални Трошоци на Општина Кисела Вода, Развојна Програма ЕАА - Имплементација на нов систем за управување со документи во Општина Кисела Вода, Програма на Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена на динамика на Развојна Програма -Програма од надлежност ЕАО – Капитални Трошоци на Општина Кисела Вода, Развојна Програма ЕАА - Имплементација на нов систем за управување со документи во Општина Кисела Вода, Програма на Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/7
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите ( Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**Програма за измена на динамика на Развојна програма**
**Програма од надлежност ЕАО - Капитални Трошоци на Општина Кисела Вода**
**Развојна Програма ЕАА - Имплементација на нов систем за управување со документи во општина Кисела Вода**
**Програма на Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија**

**Цели**

Имплементирање на нов систем за управување со документи ќе ги регулира поефикасно внатрешните процеси во општината и начинот на движење на документите интерно во општината, истовремено со поголема транспарентност кон граѓаните

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2023
  Имплементација на нов систем за управување со документи со дадените модули: Модул Архива (Влезна Документација), Модул Управна Постапка ………………………………………......................... 500 .000,00 денари

- Втора фаза – 2024 година
  Модул Управна Постапка - Представки и предлози,........ 500.000,00 денари

- Трета фаза – 2025 година
  Надградба на модул Инспекциска Постапка …………. 3 000.000,00 денари

Вкупно ......................................................................4.000.000,00 денари

Реализацијата на оваа Програма ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

Оваа Развојна програма влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/9
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена на динамика на Развојна Програма - Програма од надлежност ЕАО – Капитални Трошоци на Општина Кисела Вода, Развојна Програма ЕАБ - Набавка на интегриран ГИС систем за дигитализација на интерни процеси во Општина Кисела Вода, Програма на Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена на динамика на Развојна Програма -Програма од надлежност ЕАО – Капитални Трошоци на Општина Кисела Вода, Развојна Програма ЕАБ - Набавка на интегриран ГИС систем за дигитализација на интерни процеси во Општина Кисела Вода, Програма на Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/8
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите ( Сл.Весник на Р.М. бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**Програма за измена на динамика на развојната програма**
**Програма од надлежност ЕАО - Капитални Трошоци на**
**Општина Кисела Вода**
**Развојна Програма ЕАБ - Набавка на интегриран ГИС систем за**
**дигитализација на интерни процеси во Општина Кисела Вода**
**Програма на Сектор за управување со човечки ресурси**
**и информатичка технологија**

**Цели**

- **Набавка на интегриран ГИС систем за дигитализација на интерни процеси во општина Кисела Вода**. Софтверот го користат различните сектори во општината за пополнување на базата на податоци со податочни сетови за урбанизам, комунално, инфраструктура, локации од интерес за општината и сообраќај со цел вработените во општината, но и граѓаните можат на лесен и едноставен начин пребаруваат податоци за локација на конкретни улици, адреси, локации од интерес во рамки на општината, податоци од комунално, како и податоци за урбанистички планови и градежни парцели.

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2022

Регистар на улици и инфраструктура, Воведување на алатка за генерирање на извод од план, обработка на ДУП-ови, дигитализација на интерни процеси во општина Кисела Вода………………………………………. 2 000.000,00 денари

- Втора фаза – 2023 година

Модул за интеграција на билинг системот со ГИС……....1 000.000,00 денари

- Трета фаза -2024 година

Просторен регистар на објекти, обработка на ДУП-ови...1.000.000,00 денари

Вкупно ...................................................................... 4 .000.000,00 денари

Реализацијата на оваа Програма ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија.

Оваа Развојна програма влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/10
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за дополнување на Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за дополнување на Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2022 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/9
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**Програма за дополнување на**
**Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2022 година**

Се врши дополнување на Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр,1 од 14.01.2022 на начин што:

►Се дополнува Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 (тековно оперативни расходи) – Д10 и ставка 464990 (други трансфери) на Општина Кисела Вода за 2022 година со проект "Субвенционирање на дел од месечните сметки за потрошена електрична енергија на социјално-ранливи категории жители на општина Кисела Вода како и субвенционирање на дел од оброкот за деца од I, II и III одделение во основните училишта на подрачјето на општина Кисела Вода, кои спаѓаат во категоријата на социјално-ранливи семејства".

Реализацијата на овој проект е поткрепена со анекс на Договор за донација заведен под арх.бр.08-7036/3 на ден 04.10.2022 година од страна на општина Кисела Вода и ЕЛНОР ДООЕЛ со арх.бр.030/22 од 06.10.2022 каде вкупната вредност на Донацијата изнесува 1.200.000,00 денари.

Оваа Програма влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/11
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/10
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**Програма**
**за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/22) , на начин што во делот Програма (К4) културни манифестации и творештво за 2022 година:

- под точка 5 проект „ Културно лето Три Круши – Кисела Вода 2022 " зборовите „Потребни средства Авторски хонорари 1.200.000,00 денари" се заменува со зборовите „Потребни средства Авторски хонорари 200.000,00 денари".

Се врши измена во табелата за Програма (К4) за културни манифестации и творештво за 2022 година на начин што:

- во точка 5 „ Културно лето Три Круши – Кисела Вода 2022 " - 2.000.000,00 денари, зборовите „2.000.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „ потребни средства 1.000.000,00 денари";

Се врши измена во делот **ВКУПНО: Буџет за Програма за култура (К4) од 2.908.400 денари во 1.908.400 денари.**

Програма (КА) културни манифестации и творештво - капитални расходи за 2022 година, се дополнува на начин што:

- под точка 4, се дополнува проект „Санација на Дом на култура Билјана Беличанец" предвидени средства 2.294.571,00 денари.

Се врши дополна во табелата за Програма (КА) за културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година на начин што:

- под точка 4 проект „Санација на Дом на култура Билјана Беличанец " предвидени средства 2.294.571,00 денари.
- Под точка Вкупно зборовите „600.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „2.894.571,00 денари"

Се врши измена во делот **ВКУПНО: Буџет за Програма за култура (К4) (КА) од 4.958.400,00 денари во 6.866.800,00 денари.**

Во останатиот текст на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2022 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/12
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2022 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/11
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (,,Службен Весник на РМ,, бр.55/04, бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште (Службен Весник на РМ,, бр.15/2015, бр.98/2015, бр.193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр190/2016) член 16, став 1, точка 1,алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе:

**Програма**
**измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности**
**за 2022 година**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Ј)- комунални дејности за 2022 година:

**Подпрограма ЈД0 изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Подпрограма ЈД0 изградба и реконструкција на локални патишта и улици од планираните 27.900.000,00ден се заменува со 30.900.000,00ден

Подставка 482130 од планираните 14.000.000,00денари се зголемува на 17.000.000,00 денари

**Развојна програма ЈДА реконструкција на ул Наум Охридски во нас. Црниче**

Во оваа програма се менуваат износите на годишно ниво , односно предвидените 9.000.000,00 ден за 2022год се зголемуваат за 1.000.000,00 ден односно сумата за 2022 год изнесува 10.000.000,00. Предвидените 11.200.000,00 ден за 2023 год се намалуваат за 1.000.000,00ден и вкупниот износ е 10.200.000,00 ден

**Развојна програма ЈДБ Изградба на улици и патишта во ОКВ**

Во оваа програма се менуваат износите на годишно ниво.односно предвидените 8.000.000,00ден за 2022 година се зголемуваат за 10.000.000,00ден и вкупниот износ е 18.000.000,00ден. Предвидените 80.000.000,00 за 2023год се намалуваат за 5.000.000,00ден и изнесуваат 75.000.000,00ден. Предвидените 92.000.000,00 ден за 2024 год се намалуваат за 5.000.000,00 ден и вкупниот износ за 2024 год е 87.000.000,00ден

**Развојна програма ЈЕА изградба на катна гаража во нас Расадник во општина Кисела Вода**

Износите во оваа програма на годишно ниво се поништуваат односно 7.000.000,00ден за 2022год и 15.500.000,00ден за 2023година . Истите ќе се пренаменат во другите програми за други капитални проекти.

**Развојна програма ЈЕБ Катна гаража во нас Драчево во општина Кисела Вода**

Износите во оваа програма на годишно ниво се поништуваат односно 2.000.000,00 ден за 2022 год, 10.000.000,00ден за 2023год, 10.000.000,00ден за 2024 година. Истите ќе се пренаменат во другите програми за други капитални проекти.

**Подпрограма Ј30- јавно осветлување**

Подпрограма Ј30 јавна чистота- јавно осветлување од предвидените 35,278.284 денари се зголемува на 38.278.284,00 денари

Подставка 421110 од планираните 28.428.284,00 ден се зголемува на денари 31.428.284,00 ден

**Подпрограма Ј80 Други комунални услуги**

Подставката 424230 дезинфекција,дезинсекција,дератизација од планирани 400.000,00 ден се зголемува на 600.000,00 ден

**Подпрограма ЈГ0 изградба на системи за водоснабдување**

-подпрограма ЈГ0 изградба на системи за водоснабдување од планираните 1.300.000,00 се намалува за 600.000,00 ден и изнесува 700.000,00 ден

Подставката 482720 изградба на капацитети за водоснабдување од планирани 600.000,00 ден се намалува на 0 ден

**програма ЈГБ изградба на системи за водоснабдување на територија на ОКВ**

Износите во оваа програма на годишно ниво се менуваат, односно 3.000.000,00 ден за 2022 год се зголемува за 2.000.000,00 ден и изнесува 5.000.000,00 ден. Предвидените 10.500.000,00 ден за 2023 година се намалуваат за 5.500.000,00 ден и изнесува 5.000.000,00 ден. Планираните 8.000.000,00 ден за 2024 год се зголемуваат за 3.500.000,00 ден и изнесува 11.500.000,00 ден.

**програма ЈГВ изградба на бунари за техничка вода на територија на ОКВ**

Во оваа програма се менува и динамиката на програмата и износите на годишно ниво, односно 2022 год се анулира и реализација на програмата почнува од 2023 год.

**Подпрограма ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистувањње на отпадни води**

Планираните 12.400.000,00 ден се зголемуваат за 1.000.000,00 ден и изнесува 13.400.000,00 ден

Подставка 482110 подготвување на проекти, планираните 2.000.000,00 ден се зголемуваат на 3.000.000,00 ден

**Програма ЈИВ Изградба на системи за отпадни води на територија на ОКВ**

Износите во оваа програма се менуваат на годишно ниво. Планираните 10.000.000,00 ден за 2022 год се намалуваат за 1.000.000,00 ден и изнесува 9.000.000,00. Планираните 15.000.000.00 ден за 2023 год се намалуваат на 12.000.000,00 ден. Планираните 20.000.000,00 ден за 2024 год се зголемуваат на 24.000.000,00 ден

**Програма ЈНА Изградба на урбана опрема на територија на ОКВ**

Износот 6.000.000,00 ден за 2022 год се зголемува на 7.000.000,00 ден. Износот 14.000.000,00 ден за 2023 год се намалува на 9.000.000,00 ден. Износот 12.000.000,00 ден за 2024 год се зголемува на 16.000.000,00 ден

Реализацијата на програмата Ј комунални дејности ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/13
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Измена и дополна на Развојна Програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2023 – 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојната Програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2023 – 2025 година, донесени на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/12
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (,,Службен Весник на Р.М.,, бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**Измена и дополна на Развојна програма**
**Програма од надлежност JAA - изградба јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода 2023 - 2025**

**Цели:**

**Подобрување на условите за живеење**

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2023 година градежни работи..................1.000.000,00 денари
- Втора фаза – 2024 година градежни работи................5.000.000,00 денари
- Трета фаза – 2025 година градежни работи..............27.000.000,00 денари
- Вкупно.......................................................................... 33.000.000,00 денари

**Реализатор:**
Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Развојна Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/14
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Измена и дополна на Развојна програма ЈДА – реконструкција на улица Наум Охридски во населба Црниче Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година - Програма од надлежност Ј - комунални дејности**

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојната програма ЈДА – реконструкција на улица Наум Охридски во населба Црниче Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година - Програма од надлежност Ј - комунални дејности, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/13
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (,,Службен Весник на Р.М.,, бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**Измена и дополна на Развојна програма ЈДА – реконструкција на улица Наум Охридски во населба Црниче**
**Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година**
**Програма од надлежност Ј - комунални дејности**

**Цели:**
**Подобрување на условите за урбано живеење**

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2022 година градежни работи............10.000.000,00 денари
- Втора фаза – 2023 година градежни работи............10.200.000,00 денари

Вкупно ..........................................................................20.200.000,00 денари

**Реализатор:**
Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Развојна Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/15
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Измена и дополна на Развојна програма ЈГА - Програма од надлежност ЈГА -изградба на системи за водоснабдување изградба на системи за водоснабдување во нас. Каменик во Општина Кисела Вода 2022 – 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојната програма ЈГА - Програма од надлежност ЈГА -изградба на системи за водоснабдување изградба на системи за водоснабдување во нас. Каменик во Општина Кисела Вода 2022 – 2024 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/14
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите („Службен Весник на Р.М.,, бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**Измена и дополна Развојна програма ЈГА**
**Програма од надлежност ЈГА - изградба на системи за водоснабдување изградба на системи за водоснабдување во нас. Каменик во Општина Кисела Вода 2022 – 2024 година**

**Цели:**

Подобрување на водоснабдувањето во нас Каменик за 1500 жители и повеќе

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2022 година градежни работи..................1.000.000,00 денари
- Втора фаза – 2023 година градежни работи................8.000.000,00 денари
- Трета фаза – 2024 година градежни работи.............15.000.000,00 денари

Вкупно........................................................................ 24.000.000,00 денари

**Реализатор:**
Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Развојна Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/16
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за ставање вон сила на Развојна Програма - Програма од надлежност ЈЕА - изградба на простор за паркирање, изградба на нов објект - катна гаража во населба Расадник во Општина Кисела Вода за 2020 – 2021 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за ставање вон сила на Развојна Програма - Програма од надлежност ЈЕА - изградба на простор за паркирање, изградба на нов објект - катна гаража во населба Расадник во Општина Кисела Вода за 2020 – 2021 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/15
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (,,Службен Весник на Р.М.,, бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за ставање вон сила на Развојна Програма -**
**програма од надлежност ЈЕА - изградба на простор за паркирање**
**изградба на нов објект - катна гаража во населба Расадник**
**во Општина Кисела Вода за 2022 - 2024 година**
**Бр. 09-8813/18 од14.11.2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се става вон сила Развојната Програма - Програма од надлежност ЈЕ- изградба на простор за паркирање изградба на нов објект - катна гаража во населба Расадник во Општина Кисела Вода за 2022 - 2024 година Бр. 09-8813/18 од 14.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10438/17
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

РЕШЕНИЕ
за објава на Измени и дополна на Развојна програма ЈИБ - изградба на фекална канализација за н.Градинар во Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година, Програма од надлежност Ј - комунални дејности подпрограма ЈИ - изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

1. Со ова Решение се објавува Измената и дополната на Развојна програма ЈИБ - изградба на фекална канализација за н.Градинар во Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година, Програма од надлежност Ј - комунални дејности подпрограма ЈИ - изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-10985/16
24.11.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите (,,Службен Весник на Р.М.,, бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16), член 34, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Шеснаесеттата пленарна седница одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**Измена и дополна на Развојна Програма ЈИБ - изградба на фекална канализација за н.Градинар во Општина Кисела Вода за 2022 – 2023 година Програма од надлежност Ј - комунални дејности Подпрограма ЈИ - изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

**Цели:**

Подобрување на условите за живеење во нас. Градинар.

**Време на реализација:**

- Прва фаза – 2022година градежни работи...................6.000.000,00 денари
- Втора фаза – 2023 година градежни работи................3.000.000,00 денари

Вкупно ...........................................................................9.000.000,00 денари

**Реализатор:**

Општина Кисела Вода

Измената и дополната на оваа Развојна Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-10438/18
15 ноември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Развојна програма - Програма од надлежност ЈГБ - изградба на системи за водоснабдување на територија на Општина Кисела Вода за 2022 - 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Развојната програма - Програма од надлежност ЈГБ - изградба на системи за водоснабдување на територија на Општина Кисела Вода за 2022 - 2024 година, донесена на Шеснаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 ноември 2022 година.

